# Галерија Акантус



## Емил Шулајковски

# Level 50

## ЕМИЛ И ТОНИ ШУЛАЈКОВСКИ
**LEVEL 50**

Имаме можност да уживаме во приликата на спојот на две енергии, толку блиски, а, сепак, толку посебни во својата нарација но и различности. Во сликарството на Емил и Тони Шулајковски може да се “детектира” стилска дефиниција на лирска апстракција и експресија. Овој пат се претставуваат заедно, а нивните афинитети ќе ги проследиме заедно и посебно.

Во творештвото на Емил чистата експресија се манифестира низ слободата на потегот на четката, емоционалниот израз, слобода во композицијата која нема корелација со објективната реалност. Масата на боја е нанесена спонтано, енергично. Играјќи со комплементарни бои тој ја гради композицијата со темно-светло и гради длабочина и перспектива. Колоритот во оваа зрела фаза на сликарството на Емил Шулајковски е сфумато темен, богат во тонови и контрасти. На моменти ќе пронајдете ликови, препознатливи форми кои ќе ви дозволат да создадете сопствена приказна. Имате можност да влезете во богати пејзажи, да сретнете ликови, да влезете во моќен вртлог и да освојувате нови длабочини и простори. Ќе ве маѓепса моќта на бојата, нејзината симболика, нејзината елеганција и драматичност, со сета нејзина агресија ќе ја почувствувате низ сензацијата боја-светло-око. Ќе посакате да влезете во просторот што авторот го создал, ќе сакате да избегате низ темнините на длабочините, ќе сретнете нови простори од негов сон можеби, или, можеби од вашиот сон.

Иако навидум блиски во пристапот на градење на една композиција кај Тони се чувствува желба за раскажување преку боја, за создавање приказна во приказна. Фигурацијата, којашто се наѕира или пак е експресивно исцртана врз колоритни површини, му дава на гледачот асоцијација за мечтите и размислите на уметникот. Во некои композиции влегува во еден надреален свет кој можеби цитира, можеби потсетува на можноста на уметноста да нè научи како да се спознаеме себеси. Тој медитира преку своето сликарство. Така некои наслови точно ќе нè упатат на трагањето на уметникот по “Внатрешни меридијани”, ќе нè одведе во “Зен градина” итн. Во богатството на бои се појавува и линеарен цртеж, исцртан или пак изгребан над основниот слој боја. Колоритот го дополнува чувството на соблазнување од убавото, тоновите на светол ултрамарин, светло кобалт сина, кадмиум жолта, богати тонови на зелена, силно се судираат но и соработуваат. Текстурата создадена со потези, но и со наслојување боја над боја, креира богатство на транспарентност и игра на колоритните површини создавајќи воздушест баланс.

Забележувам дека нивната генетска блискост ја бараме и во нивното сликарство коешто на прв поглед е толку блиско во пристапот но и, исто толку, различно. Тоа се разликува во барањето на инспирација, се разликува во градењето на композицијата а, во овие зрели години на нивното творештво, се разликува и во нивната пигментна и тонска гама.

*Дијана Томиќ Радевска*
*лик.уметник и куратор на галеријата “Акантус”*



Првиот ден



Езерски танц



Мочуриште



Не можам да те допрам



Јас сум планината





Пејзаж на мислите



Јас сум тука



Радост на животот



Бела птица



Мугри



Магични хоризонти I



Помеѓу контрастот

**ЕМИЛ ШУЛАЈКОВСКИ**

Роден 1969 во Скопје, Македонија, Емил Шулајковски дипломира и магистрира на ФЛУ-Скопје. Учесник е на преку седумдесет групни изложби и дваесет и седум самостојни изложби во Скопје, Битола, Куманово и Охрид (Македонија), Белград и Ниш (Србија), Подгорица (Ц.Гора), Нирнберг (Германија), Њујорк, Силер Сити и Лексингтон (САД).
Неговите дела се застапени во приватни и јавни колекции во Македонија, Србија, Словенија, Хрватска, БиХ, Грција, Кипар, Албанија, Бугарија, Италија, Ватикан, Франција, Германија, Шпанија, Португалија, Англија, Ирска, Полска, Чешка, Финска, Швајцарија, Белгија, Холандија, Луксембург, Норвешка, Русија, Турција, САД, Канада, Кина, Сингапур, Јапонија и Австралија.
Добитник е на четири национални награди за сликарство.

Контакт
emilsulajkovski@hotmail.com
https://www.facebook.com/emilshulajkovskipaintings/
тел. 070 244 169